Предлог текст на
**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**

# DILACOR® 0.25 mg
**Digoxin**
**Таблети**

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Во колку некое несакано дејство стане серизоно, или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, информирајте го вашиот доктор или фармацевт

**Упатство содржи:**
1. *Што претставува DILACOR и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да употребите DILACOR*
3. *Како да се употребува DILACOR*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на DILACOR*
6. *Додатни ингормации*

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА DILACOR И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Dilacor содржи дигоксин, кој припаѓа на групата лекови познати како кардиотонични гликозиди. Овие лекови ја зголемуваат силата на работата на срцето.

Вашиот доктор ви го препишал Dilacor затоа што имате:
- Ослабена срцева работа и/или
- Одредени неправилности во срцевиот ритам.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ DILACOR

*Предупредете го вашиот доктор ако земате други лекови, имате некоја хронична болест, некое нарушување на метаболизмот, ако сте преосетливи на лекови или сте имале алергиска реакција на некои од нив.*



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

**Кога не смеете да земате DILACOR:**

- ако сте алергични (преосетливи) на Dilacor, други лекови од истата група или на било која друга составна компонента на лекот.
- некои срцеви нарушувања обично не се лекуваат со дигоксин; тука спаѓаат состојбите кои се нарекуваат срцеви блокови, одредени срцеви аритмии и одредени случаи на хипертрофична обструктивна кардиомиопатија. Вашиот доктор ќе знае ако имате некоја од овие состојби.

**Бидете особено внимателни со DILACOR:**

Треба да се советувате со својот доктор пред земање на Dilacor во колку:

- имате заболување на бубрезите
- постои недостаток на калиум или магнезиум во вашата крв
- постои вишок на калциум во вашата крв
- имате заболување на тиреоидната (штитната) жлезда
- имате тешко заболување на белите дробови
- имате проблеми со желудникот или цревата.

**Употреба на други лекови !**

*Секогаш, известете го вашиот доктор или фармацевт ако земате или неодамна сте земале било кој друг лек, вклучувајќи ги и лековите кои се издаваат без лекарски рецепт бидејќи може да влијаат на ефектите на DILACOR или тој да влијае на нивните ефекти.*

Посебно е важно да го информирате вашиот доктор ако земате некој од следните лекови:

- Некој лек од истата група (кардиотонични гликозиди); ова се однесува на примена во тек на две недели кои претходеле на примената на Dilacor.
- Лекови за проблеми со желудникот и цревата, вклучувајќи лаксанси и лекови за нарушено варење, пролив и повраќање
- Лекови наменети за третман на нарушен срцев ритам
- Лекови за епилепсија
- Лекови за зголемен крвен притисок
- Лекови за шеќерна болест кај возрасни, како што е акарбоза
- Лекови за мокрење (диуретици)
- Лекови за третман на канцер
- Лекови за намалување на холестерол (како што е аторвастатин)
- Антидепресиви (нефазодон)
- Холестирамин
- Каптоприл
- Литиум
- Пенизиламин
- Антибиотици



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

- Стероиди
- Хербални лекови кои содржат кантарион

**Земање на Dilacor со храна и течност**
Dilacor може да се зема со храна или без неа.

Меѓутоа, кога се зема со оброк богат со растителни влакна, количината на дигоксин која после орално дозирање преоѓа во крвотокот може да биде намалена.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек во колку сте бремени, мислите дека сте бремени или сакате да забремените.*

Dilacor може да се зема за време на бременоста и периодот на доење само во колку се процени дека потенцијалната корист за мајката е поголема од можниот ризик за плодот односно новороденчето.

**Влијание врз психофизичките способности при управување со моторно возило и машини**

Во текот на лекувањето со Dilacor бидете посебно претпазливи кога возите или ракувате со машини.

**Важни информации поврзани со некои од помошните компоненти во лекот**

Една од помошните состојки во таблетите Dilacor е лактоза, на која некои лица може да манифестираат алергиска реакција.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА DILACOR

*Секогаш земајте DILACOR според упатствата на вашиот доктор.. Доколку не сте сигурни повторно проверете со вашиот доктор или фармацевт како да го земате лекот. Во колку мислите дека лекот Dilacor делува премногу јако или преслабо на вашиот организам обратете се на вашиот доктор или фармацевт.*

Дозирањето е посебно за секој пациент, зависи од тежината на болеста и општата состојба. Дозата на лекот и начинот на употреба ќе ги одреди вашиот доктор и може да ги менува. Првата доза за возрасни и деца постари од 10 години изнесува помеѓу 0.75 mg и 1.5 mg во поединечна доза. Кај некои пациенти, на пример кај постарите, оваа доза може да се примени во поделени дози, во интервал од 6 часа. Алтернативно, како почетна доза може да се даде ипомеѓу 0.25 и 0.75 mg на ден во тек на една недела.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Почетната доза потоа се заменува со дневна доза (доза на одржување), која во зависност од одговорот на лекот ка одредува вашиот доктор. Оваа доза изнесува обично 0.125 до 0.75 mg на ден.

Вашиот доктор ќе го следи одговорот на лекот, што може да вклучува и крвни тестови.

Постарите пациенти може да примаат доза која е пониска отколку за возрасните и децата постари од 10 години.

Вообичаената почетна доза за деца под 10 години е помеѓу 0.025 mg и 0.045 mg на килограм телесна маса во период од 24 часа. Во зависност од одговорот на вашето дете на лекувањето, докторот ќе ја одреди најадекватната доза на одржување.

Таблетите се голтаат со чаша вода. Можете да ги земате со храна или без неа.

Никогаш не ја менувајте дозата на својот лек пред да се консултирате со вашиот доктор.

**Ако сте земале повеќе од лекот Dilacor одколку што требало?**

*Ако сте земале повеќе Dilacor од колку што треба веднаш информирајте го Вашиот доктор или фармацевт.*
Направете така дури и ако немате знаци за предозирање. Во колку одите кај доктор или во болница понесете ја и кутијата/амбалажата на Dilacor.

**Ако пропуштите да го земете лекот Dilacor**

Ако сте заборавиле една доза и се сетите пред спиење, веднаш земете го лекот. Наредниот ден продолжете како штое вообичаено. Ако се сетите во текот на ноќта или наредниот ден, прескокнете ја пропуштената доза и продолжете како што е вообичаено. Никогаш не земајте две дози одеднаш за да надоместите за пропуштената доза. Информирајте го вашиот доктор за пропуштената доза.

**Ако нагло престанете да земате Dilacor**

Не прекинувајте ја терапијата доколку истото не ви го советувал вашиот доктор. Може да се влоши состојбата на болеста за која го земате лекот.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови и DILACOR може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

Веднаш информирајте го вашиот доктор во колку почувствувате нешто од долу наведеното додека примате Dilacor:

- Ако се чувствувате лошо, повраќате, губите апетит или страдате од пролив или болка во стомакот.
- Почнете да се чувствувате повеќе болно отколку пред да почнете да го земате лекот
- Почнете да се чувствувате многу уморно, приметите било каква слабост на мускулите или имате вртоглавица, се чувствувате депресивно или имате некои ментални пречки.
- Чувствувате вртоглавица или конфузија.
- Аку чувствувате дека состојбата на срцето е влошена или имате палпитации (срцебиење)
- Имате проблеми со видот
- Ако сте маж и приметите развој на градите
- Приметите необјасниви модрици, крварење или исип по кожата.

*Доколку некои од несаканите дејства станат сериозни или доколку забележите некои несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, ве молиме кажете му на вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА DILACORИ РОК НА УПОТРЕБА?

Лекот да се чува на температура до 25$^0$C, во оригинално пакување заради заштита од светлина и влага.
**Лекот да се чува на места недостапни за деца.**

***Рок на употреба***
Пет (5) години од датумот на производство
Да не се употребува по изминувањето на рокот на употреба

## 6. ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи DILACOR**
*Активна супстанција:* дигоксин

Една таблета содржи 0.25 mg дигоксин.

*Помошни супстанции:*
Лактоза, монохидрат; пченкарен скроб; растворлив скроб; силициум диоксид, колоиден, безводен; магнезиум стеарат.

**Како изгледа и што содржи пакувањето во DILACOR**



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Округла таблета со бела боја со разделна линија на едната страна, а на другата со заштитен знак “Zdravlje” .

Внатрешно пакување: PVC/Alu фолија (блистер) со по 10 таблети во блистер.

Надворешно пакување: кутија со 20 таблети и упатство за употреба.

**Производител**
Zdravlje AD Leskovac ,Vlajkova 199, RepublikaSrbija

**Носител на решението за промет**

АКТАВИС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ЛИМИТЕД - Претставништво, Скопје, Р. Македонија

**Начин на издавање**
Лекот се издава само на лекарски рецепт (Р)

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено ...*



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ